Бр.03-355/2
16 -02- 2021
С к о п ј е

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Сл.весник на Република Северна Македонија" бр.101/2019), постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер, Агенција за вработување на Република Северна Македонија донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
### за пристап до информации од јавен карактер

1. СЕ УВАЖУВА Барањето за пристап до информации од јавен карактер од 29.01.2021 година поднесно од [redacted]

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

### О б р а з л о ж е н и е

Барањето за пристап до информации од јавен карактер од [redacted] (заведено под наш арх.бр. 03-355/1 од 01.02.2021 год.), Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија го разгледа па во врска истото Ве известува за следното.

Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија е јавна установа која врши стручни, организациски, административни и други работи што се однесуваат на вработувањето и осигурувањето во случај на невработеност и обезбедува поддршка, помош и услуги за учесниците на пазарот на трудот.

Целта на Известувањето за одјава на лица поради деловни причини-технолошки и сл кое се доставува до службата надлежна за посредување при вработување (АВРСМ) е преземање на мерки и активности во насока на побрзо вклучување на лицето (кое ќе остане невработено) на пазарот на трудот.

Воедно, известувањето - најавата за престанок на работен однос на лица поради технолошки причини -доставено до АВРСМ има и друга намена/цел, со оглед да АВРСМ е надлежна институција за одлучување за остварување на право на паричен надоместок на невработеното лице.

Воедно, лицето за кое е доставено известување за иден престанок на работен однос поради технолошки причини, спаѓа во категоријата на лица со загрозено вработување, па во таа насока, податокот/известувањето за идно одјавување на лице по овој основ, е податок од значење за АВРСМ во насока на обезбедување можности за вработување на ова лице кај друг работодавач (во што е можно пократок период, по можност и веднаш по престанокот на работен однос по основ технолошки), организирање на обуки за преквалификација /доквалификација и сл.

Согласно член 43 од Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност „Врз основа на пријавена потреба од работници, Агенцијата го известува работодавачот кој пријавил работници за чија работа престанала потребата поради економски, технолошки, структурални или слични промени, за можностите за вработување на овие работници кај друг работодавач".

Согласно горенаведениот член, јасно е дека станува збор за обврска за пријава/известување до АВРСМ за секоја идна одјава по основ технолошки, истото поради потребата од превземање на низа активности од страна на АВРСМ врз основа на овој податок.

Согласно горенаведеното, а врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

Упатство за правно средство: Против ова решение може да се поднесе жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на Решението до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер.

*Со почит,*

Службени лица за посредување
на информации од јавен карактер
Едвин Муковиќ
Ајсељ Идризи
Мери Трајковска

Директор
Abdush Demiri